# ПРИКАЗНА ЗА ЛУТИНАТА

Ова е приказна за момчето Иван. Иван бил четврто одделение. Еден ден целото негово одделение добило бесплатни карти за кино. Сите биле многу среќни затоа што требало да го гледаат најновиот филм за Мињоните. Наставничката им напоменала дека мора во киното да дојдат навреме и да не заборават да ги понесат картите.

Кога дошол денот за прикажување на филмот во кино, целото одделение стигнало навреме. И Иван пристигнал навреме. Целото одделение чекало на ред да влезе во кино-салата и сите во рака ги држеле своите карти. Иван ја заборавил картата. Човекот кој ги прегледувал картите и ги пуштал гостите да влезат, му кажал на Иван дека без карта не може да влезе во салата. Иван бил многу лут, викал, кажувал навредливи зборови и шутирал предмети.

Дошол шефот на киното и му рекол на Иван да го напушти киното. Шефот му рекол на Иван дека веќе никогаш нема да го примат во киното заради неговото лошо однесување, дури и кога ќе има карта.

Автор: ITSS-LAII